12. Изградба на фекална канализација за регионот на Волково и пречистителна станица, со цел заштита на подземните води во Втора и Третта заштитна зонаа на бунарско подрачје Лепенец.
13. Реконструкција на ул. Волковска
14. Доизградба на ул. Алексо Демниевски

## ОБВРСКИ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕ‘НО ЗЕМЈИШТЕ (60% СО 40%)

### 3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра. Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се урриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт
на материјалот од уривањето до депо ).
- Предлог - надоместот за одземените и неплатени насади, посеви и шуми на земјиштето и плодовите што се одземаат, се пресметува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.
- Предлог - надоместот за експроприрани објекти или објекти што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност. Од продажната цена по која градежната оператива продава соодветен простор изграден во најблиската околина, до објектот што е предмет на експропријација се одбива:

а.) Износот на вложените средства за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална потрошувачка, кои не се изведени во објектот што е предмет на експропријација.

б.) Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште, кој не е платен за објектот кој е предмет на експропријација, а истиот е изграден по 01.01.1966 година.

в.) Износот за степенот на амортизација за објектот кој е предмет на експропријација, кој се одредува согласно Законот за продажба на станови во општествена сопственос и согласно Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост.

- Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;
- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

**а.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:
- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

**б.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела, ги плаќа 60% Градот Скопје и 40% Општина Ѓорче Петров, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно - правни и технички услови и материјални средства.

## 5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно Одлуката за уредување на градежно земјиште на Општина Ѓорче Петров, се пресметува на следниот начин.

За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и Општина Ѓорче Петров, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно член 6 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 88/09 год. )

За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став

Просториите со нето висина до 2,50 м ' кои се пресметуваат со коефициент 0,2 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје („Сл. Весник на РМ" бр. 85/-2001 год.), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.

- Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.

- За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 - се пресметува надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.

б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од Општина Ѓорче Петров

Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2010 год, а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика.

5.1. Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност - бонитет на локалитетот - комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под-Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:

**ТАБЕЛА"А"**

| | **КОМПЛЕКСИ** | **основни комуналии + пречистителна** | **Погодност - бонитет на локалитет (комплекс )** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **1** | **Дел-2** | **20 %** | **2%** | **8%** |
| **2** | **Дел - 3** | **18 %** | **1,5%** | **4%** |
| **3** | **Дел - 4** | **16 %** | **1%** | **2%** |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под-Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1 % презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно зенјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7%

од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма.Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно Одлуката на Советот на Општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје" бр.7/2004."

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа............................................... 1,50 %
б. Фекална канализациона мрежа............................ 1,50 %
в. Топлификациона мрежа....................................... 3,20 %

Сопственикот - корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината Горче Петров ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс- договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се налатува по упросечени цени.

Од вкупно наплатените средства од основниот договор и анекс - договорот, трошоците за преместување ќе ги сноси ГрадотСкопје 60% и Општина Ѓорче Петров 40%.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, до добивање на употребна дозвола .

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот - сопственикот на земјиштето од една страна и Општина Ѓорче Петров од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски е во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот - сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "ЕВН " - Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација" - Скопје и се составен дел на договорот.

Кога корисниците на земјиштето ќе изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, должни се за разликата која ќе се јави да склучат Анекс-договор согласно на ДУП кој е во важност во моментот на склучување на Анекс-договорот, што е услов локалната самоуправа да му ги исполни целосно договорните обврски кога ќе се создадат правни, технички и материјални услови.

Кога корисниците на земјиштето изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, а вкупно изградената површина неможе да се вклопи во ДУП кој е во важност, локалната самоуправа нема да ги исполни договорните обврски.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор, се наплатува еднократно, според усвоената табела за погодност - бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместекот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг ) во станбен простор, не се наплатува и не се враќа.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (воколку недокаже со документација дека истиот го регулирал.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто неплаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Ѓорче Петров да им надокнади за порано направените трошоци за изградените основни инфраструктурни мреживо висина од 33% од надоместокот за уредување на градежно зејиште одреден во ГЛАВА-5. точка 5.1. и 5,2. да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и даја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за Градот Скопје, помеѓу корисникот на земјиштето и Градот Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договор помеѓу Градот, Општината и корисникот - сопственикот на земјиштето. Корисникот на земјиштето е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градба.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно, без учество на Градот и Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат. За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и овластените АД. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка. Оваа изградена инфраструктурна мрежа, мора да биде предадена на Градот и Општината, да се овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да им надоместат на Градот и Општината целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 7. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината Горче Петров.

Во точка 5.1, табела А, графа - 1, прикажани се зоните по кои се одредува надоместокот за одземено земјиште за изградба на инфраструктурни објекти.

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште.

## V. Ф.Д ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( Капитални трошоци )

### ВОВЕД

Со Подпрограмата Ф.Д се утврдуваат капителните трошоци за уредување на просторот во руралните подрачја.

Финансирањето на оваа Под-Програма е од комуналната такса за рурално подрачје, која се плаќа согласно Одлука донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

**ПРИХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2010 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **2.000.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **2.000.000,00** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **2.000.000,00** | |
| | | 7171 29 | | Други приходи по основ на комунална дејност | **2.000.000,00** | |

## ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД - ПРОГРАМАТА Ф.Д. РАСХОДИ

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2010 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **48** | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | **2.000.000,00** | |
| | **4821** | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **2.000.000,00** | |
| | | 482110 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | **500.000,00** | |
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | **1.500.000,00** | |

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од комуналната такса и создавање на други технички и материјални услови.

## ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на овие Програми, надлежен е Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.
2. Програмите влегуваат во сила, осмиот ден од од објавувањето во Службен гласник на Град Скопје, а ќе се применуваат до крајот на годината.

**Број 07-3517/5**
**Од 03.12.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програмата за Урбано планирање *Ф* на Општина Ѓорче Петров за 2011 година**

Се објавува Програмата за Урбано планирање на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/4**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07 и 91/09), член 46 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 82/08 и 143/08) и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та Сединца одржана на 03.12.2010 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ‘‘Ф‘‘
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2011 ГОДИНА

ВОВЕД
ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ *Ф* се состои од следните подпрограми

**I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно-оперативни трошоци)**

**III Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно-оперативни трошоци)**

**IV Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**СИТЕ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ**

ПРИХОДИ:

| Кате-горија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **64.300.000,00** | |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | **63.200.000,00** | |
| | **717** | | | **Даноци на специфични услуги** | **63.200.000,00** | |
| | | **7171** | | **Комунални даноци** | **63.200.000,00** | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | **58.742.500,00** | |
| | | | 717119 | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Градот од 1997год.) | **407.500,00** | |
| | | | 717129 | Други комунални такси | **4.000.000,00** | |
| | | | 717140 | Камата од ненавремено плаќање на комунални такси | **50.000,00** | |
| **72** | | | | **Неданочни приходи** | **1.100.000,00** | |
| | **724** | | | **Други владини услуги** | **500.000,00** | |
| | | **7241** | | **Други владини услуги** | **500.000,00** | |
| | | | 724112 | Надомест за изработени просторни и урбанистички планови | **500.000,00** | |
| | **725** | | | **Други неданочни приходи** | | |
| | | **7259** | | **Други неданочни приходи** | **600.000,00** | |
| | | | 725939 | Останати неданочни приходи | **600.000,00** | |

Овие вкупни приходи се распоредуваат во потпрограмите "Ф1. Ф.2 .3 Ф.А и Ф.Д"

## I Ф.1 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

### ВОВЕД:

Тековно - оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на:

— Детални урбанистички планови
— Урбанистички планови за село
— Урбанистички планови вон населено место

Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

ПРИХОДИ

| Група | Под група | Основни сметки | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 11.000.000,00 | |
| 71 | | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 9.900.000,00 | |
| | 7171 | | Комунални даноци | 9.900.000,00 | |
| | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште ( дел ) | 9.900.000,00 | |
| 72 | | | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 1.100.000,00 | |
| | 7241 | | Други видови услуги | 500.000,00 | |
| | | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 500.000,00 | |
| | 7259 | | Други недано~ни приходи | 600.000,00 | |
| | | 725939 | Останати неданочни приходи | 600.000,00 | |

## ТРОШОЦИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**РАСХОДИ**

| Група | Подгрупа | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 42 | | | | СТОКИ И УСЛУГИ | | |
| | 4256 | | | УСЛУГИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 11.000.000,00 | |
| | | 425640 | | ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ И ДРУГИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | 11.000.000,00 | |
| | | | | Урбанистички планови по Програма | | |
| | | | 1. | ДУП УЗ Дексион дел над пруга, станбена зона | 300.000,00 | |
| | | | | Урбанистички планови по Програма | 5.500.000,00 | |
| | | | 2. | ДУП УЗ Даме Груев - УБ - 3 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **3.** | ДУП УЗ Даме Груев - УБ - 4 | | |
| | | | **4.** | ДУП УЗ Даме Груев - УБ - 5 | | |
| | | | **5.** | ДУП за дел од Западна индустриска зона - ул. Шарпланинска - БЗ | | |
| | | | **6.** | УП за село Волково | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2007** | **2.000.000,00** | |
| | | | **7.** | УП за село Кучково | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма** | **750.000,00** | |
| | | | **8.** | ДУП УЗ Дексион | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2009 год** | **2.450.000,00** | |
| | | | **9.** | ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ - 4 | | |
| | | | **10.** | УП за село Волково – разработка по блокови | | |
| | | | **11.** | Трошоци за изработка на урбанистички планови и измени на планови по иницијатива на физички и правни лица | | |

II ф.2 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
III ф.3 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ

**ПОД-ПРОГРАМИТЕ Ф.2 И Ф.3** ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**П Р И Х О Д И**

| **Група** 1 | **Под група** 2 | **Основни сметки** 3 | **Оддел** 4 | **Видови на расходи** 5 | **Износ во денари 2011** 6 | **Структура %** 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **9.500.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | |
| | 7171 | | | КОУНАЛНИ ДАНОЦИ | **5.500.000,00** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | **9.500.000,00** | |

**ПРОГРАМИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОД-ПРОГРАМИ - Ф.2 и .Ф.3**
**Р А С Х О Д И**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **9.500.000,00** | |
| **42** | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **9.500.000,00** | |
| | **4211** | | | **Комунални услуги** | **4.000.000,00** | |
| | | **421190** | **1.** | **Други комунални такси и** | **4.000.000,00** | |
| | **4243** | | | **Поправки и одржување на други градби** | **1.000.000,00** | |
| | | **424390** | **2.** | **Одржување на други градби** | **1.000.000,00** | |
| | **4259** | | | **Други договорни услуги** | **2.500.000,00** | |
| | | **425940** | **3.** | **Расходи за рушење на објекти** | **2.500.000,00** | |
| | **4269** | | | **Други оперативни расходи** | **2.000.000,00** | |
| | | **426990** | **4.** | **Други оперативни расходи** | **2.000.000,00** | |

**IV. Ф.А ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Капитални трошоци)**

**ВОВЕД**

Со оваа Под-Програма, а согласно член 43 од Законот за градежно земјиште, Општина Ѓорче Петров врши уредување на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со Генералниот урбанистички план и важечките детални урбанистички планови.

ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Под-Програмата Ф.А** се финансира од следните извори за финансирање:

**ПРИХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **38.800.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **38.800.000,00** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **38.800.000,00** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | **38.342.500,00** | |
| | | 717119 | | Други приходи по основ на комунална дејност ( побарувања од Градот од 1997 година ) | **407.500,00** | |
| | | 717140 | | Камата од ненавремено плаќање на комунални такси | **50.000,00** | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД- ПРОГРАМАТА Ф.А**
**РАСХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **48** | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **38.800.000,00** | |
| | **4821** | | | **Улици и патишта** | **22.000.000,00** | |
| | | | **Изработка на проекти, изградба на објекти и реконструкција на објекти од комунална изфраструктура која е во надлежност на Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров, за исполнување на договорните обврски кон корисниците - сопствениците на градежно земјиште 60% за Град Скопје и 40% за Општина Ѓорче Петров** | | | |
| | | 482110 | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | | **5.000.000,00** | |
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки, | **17.000.000,00** | |
| | **4823** | | | **Пречистителни станици и** | **2.300.000,00** | |
| | | 482310 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и | **300.000,00** | |
| | | 482320 | | Изградба на фекална и атмосферска канализација | **2.000.000,00** | |
| | **4827** | | | **Капацитети за водоснабдување** | **3.300.000,00** | |
| | | 482710 | | Подготвување проекти вклучувајќи и | **300.000,00** | |
| | | 482720 | | Изградба на водоводна мрежа | **3.000.000,00** | |
| | **4828** | | | **Изградба на капацитети во енергетика** | **2.000.000,00** | |
| | | 482820 | | Изградба на објекти од енергетика Ниско-напонска електрична и топлификациона мрежа | **2.000.000,00** | |
| | **4829** | | | Изградба на други објекти, улично осветлување и јавно зеленило | **3.200.000,00** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 482910 | | Подготвување на проекти на други објекти (јавно осветлување и јавно зеленило ) | **200.000,00** | |
| | | 482920 | | Изградба на други објекти (улично осветлување и јавно зеленило ) | **2.500.000,00** | |
| | | 482930 | | Реконструкција на други објекти (јавно осветлување и јавно озеленување ) | **500.000,00** | |
| | **4854** | | | **Надомест за одземен имот** | | |
| | | 485420 | | Надомест за одземен имот | **6.000.000,00** | |

1. Во рамките на реализацијата на Под-Програмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% стари обврски на Градот Скопје, врз основа на 100% прибран надоместок за уредување на градежно земјиште.

11. Ул. Мајски Манифест од ул.Ѓ.Салај до ул.А.Демниевски, изв. 369/95 расчистување.
12. Изградба на дел од ул. Македонска Преродба со паркинг во МЗ Мирче Ацев, ( позади објектот на ул. 4-ти Јули чиј инвеститор бил ЈП ССДП, извод за улицата 135/96,извод за паркингот 314/96.
13. Дел од ул. Македонска Преродба со паркинзи кај станбени објекти спроти Црквата во М.З. Ѓорче Петров - расчистување.
14. Ул. Социјалистичка Зора.
15. Дел од ул. Сремски Фронт (од ул. Мечкин Камен до ул. 4-ти Јули, расчистување).
16. Дел од ул. Ѓорѓи Казепов.
17. Доизградба на улица Моцартова;
18. Изградба на ул.Австралиска;
19. Изградба на ул.Антон Чехов

2. Во рамките на реализацијата на Подпрограмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% обврска на Градот Скопје, произлезенаа од надлежностите на Градот дефинирани со Законот за Град Скопје.

2. Регулација и уредување на кејот и насипот на р. Вардар на територијата на Општина Ѓорче Петров согласно ГУП.
2. Регулација на р.Лепенец на територијата на Општина Ѓорче Петров
3. Изградба на булевар Македонска Војска.
4. Довршување на улица 4-ти Јули и изведба на улично осветлување
5. Изградба на булевар Илинденска
6. Изградба на булевар Црногорска
7. Изградба на ул. Сремски Фронт
8. Изградба на ул. Лепенец
9. Изградба на ул. Тиранска
10. Довршување на бул. Партизански Одреди до ул. 4-ти Јули.
11. Изградба на мост на р. Лепенец и дел од бул. Црногорска на потегот од село Бардовци до Надвозникот за населба Даме Груев
12. Изградба на фекална канализација за регионот на Волково и пречистителна станица, со цел заштита на подземните води во Втора и Третта заштитна зонаа на бунарско подрачје Лепенец.
13. Реконструкција на ул. Волковска
14. Доизградба на ул. Алексо Демниевски

## ОБВРСКИ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕ‘НО ЗЕМЈИШТЕ (60% СО 40%)

### 3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра. Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт
на материјалот од уривањето до депо ).
- Предлог - надоместот за одземените и неплатени насади, посеви и шуми на земјиштето и плодовите што се одземаат, се пресметува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.
- Предлог - надоместот за експроприрани објекти или објекти што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност. Од продажната цена по која градежната оператива продава соодветен простор изграден во најблиската околина, до објектот што е предмет на експропријација се одбива:

а.) Износот на вложените средства за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална потрошувачка, кои не се изведени во објектот што е предмет на експропријација.

б.) Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште, кој не е платен за објектот кој е предмет на експропријација, а истиот е изграден по 01.01.1966 година.

в.) Износот за степенот на амортизација за објектот кој е предмет на експропријација, кој се одредува согласно Законот за продажба на станови во општествена сопственос и согласно Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост.

- Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;
- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

### 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

**а.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:
- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

**б.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела,на градски сообраќајници ги сноси Градот Скопје во целосен износ , а на Општинските сообракајници Општината Ѓорче Петров во целосен износ, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно - правни и технички услови и материјални средства.

## 5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно Одлуката за уредување на градежно земјиште на Општина Ѓорче Петров, се пресметува на следниот начин.

За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и Општина Ѓорче Петров, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно член 6 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 88/09 год. )

За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став

Просториите со нето висина до 2,50 м ’ кои се пресметуваат со коефициент 0,2 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје („Сл. Весник на РМ" бр. 85/-2001 год.), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.

- Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.

- За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 - се пресметува надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.

б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според

намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од Општина Ѓорче Петров

Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2010 год, а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика.

5.1. Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност - бонитет на локалитетот - комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под-Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:

**ТАБЕЛА"А"**

| | **КОМПЛЕКСИ** | **основни комуналии + пречистителна** | **Погодност - бонитет на локалитет (комплекс )** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **1** | **Дел-2** | **20 %** | **2%** | **8%** |
| **2** | **Дел - 3** | **18 %** | **1,5%** | **4%** |
| **3** | **Дел - 4** | **16 %** | **1%** | **2%** |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под-Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1 % презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно зенјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7% од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма.Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно Одлуката на Советот на Општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје" бр.7/2004."

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа............................................. 1,50 %
б. Фекална канализациона мрежа........................... 1,50 %
в. Топлификациона мрежа...................................... 3,20 %

Сопственикот - корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка

од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината Горче Петров ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс- договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се налатува по упросечени цени.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, до добивање на употребна дозвола .

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот - сопственикот на земјиштето од една страна и Општина Ѓорче Петров од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски е во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот - сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "ЕВН " - Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација" - Скопје и се составен дел на договорот.

Кога корисниците на земјиштето ќе изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, должни се за разликата која ќе се јави да склучат Анекс-договор согласно на ДУП кој е во важност во моментот на склучување на Анекс-договорот, што е услов локалната самоуправа да му ги исполни целосно договорните обврски кога ќе се создадат правни, технички и материјални услови.

Кога корисниците на земјиштето изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, а вкупно изградената површина неможе да се вклопи во ДУП кој е во важност, локалната самоуправа нема да ги исполни договорните обврски.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор, се наплатува еднократно, според усвоената табела за погодност - бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместекот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг ) во станбен простор, не се наплатува и не се враќа.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (воколку недокаже со документација дека истиот го регулирал.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто неплаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Ѓорче Петров да им надокнади за порано направените трошоци за изградените основни инфраструктурни мреживо висина од 33% од надоместокот за уредување на градежно зејиште одреден во ГЛАВА-5. точка 5.1. и 5,2. да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и даја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за Градот Скопје, помеѓу корисникот на земјиштето и Градот Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договор помеѓу Градот, Општината и корисникот - сопственикот на земјиштето. Корисникот на земјиштето е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градба.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно, без учество на Градот и Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат. За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и овластените АД. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка. Оваа изградена инфраструктурна мрежа, мора да биде предадена на Градот и Општината, да се овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да им надоместат на Градот и Општината целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 7. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината Ѓорче Петров.

Во точка 5.1, табела А, графа - 1, прикажани се зоните по кои се одредува надоместокот за одземено земјиште за изградба на инфраструктурни објекти.

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште.

## V. Ф.Д ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( Капитални трошоци )

### ВОВЕД

Со Подпрограмата Ф.Д се утврдуваат капителните трошоци за уредување на просторот во руралните подрачја.

Финансирањето на оваа Под-Програма е од комуналната такса за рурално подрачје, која се плаќа согласно Одлука донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

**ПРИХОДИ**

| **Група** | **Подгрупа** | **Основни сметки** | **Оддел** | Видови на приходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **5.000.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5.000.000,00** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **5.000.000,00** | |
| | | 7171 29 | | Други приходи по основ на комунална дејност | **4.000.000,00** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | **1.000.000,00** | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД -**

**ПРОГРАМАТА Ф.Д. РАСХОДИ**

| **Група** | **Под група** | **Основни сметки** | **Оддел** | Видови на приходи | Износ во денари **2011** | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **48** | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | **5.000.000,00** | |
| | **4821** | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **2.500.000,00** | |
| | | 482110 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | **500.000,00** | |
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | **2.000.000,00** | |
| | **4829** | | | **Изградба на други објекти ( улично осветлување и јавно зеленило)** | **1.500.000,00** | |
| | | 48292 0 | | Изградба на други објекти (јавно осветлување и јавно озеленување ) | **1.500.000,00** | |

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од комуналната такса и создавање на други технички и материјални услови.

## ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

3. За спроведување на овие Програми, надлежен е Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.
4. Програмите влегуваат во сила, осмиот ден од од објавувањето во Службен гласник на Град Скопје, а ќе се применуваат до крајот на годината.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Број 07-3517/6**
**од 03.12.2010 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 5.8 во ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана ГП 5.8 во ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/5**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07, 91/09 и 124/10 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та седница одржана на ден 03.12.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.8. во ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, општина Ѓорче Петров, со намена А1- домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана грдежна парцела **5.8**, од ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, Ѓорче Петров, со намена домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/7**
**Од 03.12.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 5.9 во ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана ГП 5.9 во ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/6**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров" („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05,137/07, 91/09 и 124/10 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та седница одржана на ден 03.12.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.9. во ДУП за МЗ Мирче Ацев-38, општина Ѓорче Петров, со намена А1- домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана грдежна парцела **5.9**, од ДУП за МЗ Мирче Ацев-38 , Ѓорче Петров, со намена А1- домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП за Мирче Ацев-38, општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/8**
**Од 03.12.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 14.22. во ДУП за МЗ Ѓорче Петров-37, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана ГП 14.22. во ДУП за МЗ Ѓорче Петров-37, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/7**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “ бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07, 91/09 и 124/10 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та седница одржана на ден 03.12.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 14.22. во ДУП за МЗ Ѓорче Петров-37, општина Ѓорче Петров, со намена А1- домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење**

### Ч л е н 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана грдежна парцела **14.22**, од ДУП за МЗ Ѓорче Петров-37, Ѓорче Петров, со намена А1- домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење.

### Ч л е н 2

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

### Ч л е н 3

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

### Ч л е н 4

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП за МЗ Ѓорче Петров-37, општина Ѓорче Петров.

### Ч л е н 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/9** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 03.12.2010 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**С к о п ј е** | **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за Техничка исправка на ДУП-дел од УЗ Даме Груев-УБ2 за ГП 6.3, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Заклучокот за Техничка исправка на ДУП-дел од УЗ Даме Груев-УБ2 за ГП 6.3, Општина Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/8**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 24 став 1 точка 23 и точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та Седница, одржана на ден 03.12.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за техничка исправка за ДУП**
**дел од УЗ Даме Груев УБ2, градежна парцела 6.3**

1. Се врши техничка исправка во графичкиот дел во Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Даме Груев -УБ2 урбанистичка парцела 6.3, донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр.07-676/3 од 17.03.2009 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2009) , со изземање на патека позади неговата куќа до ул.Австралиска поради постоечки пристап на околните парцели до истата. урТех. број : 54/2006 - "ИН-ПУМА" - Скопје.

2. Овој заклучок да се достави до Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во Општина Ѓорче Петров.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 03.12.2010 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**С к о п ј е** **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршка на невладиниот сектор во 2011 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршка на невладиниот сектор во 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/9**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та седница оддржана на ден 03.12.2010 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласга на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор во 2011 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2011 година, се:

1. Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите;
2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
3. Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа;
4. Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на ова Програма, Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на здруженија на граѓани, екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираат Општина Ѓорче Петров во државата и надвор о д неа.

Во текот на 2011 година, во Општина Ѓорче се планира да се спроведат следните спортски активности.

| Ред. број | I.Спортски манифестации | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Бон-бон куп Забавно спортска рекреација за деца од 7-12 години | прва половина на месец јуни | Отворени забавни фудбалски школи Македонија Скопје Општина Ѓ.Петров | 12.000 ден. |
| 2. | Турнир во мал фудбал помеѓу општините во Град Скопје | втора половина на месец јуни | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | 35.000 ден |
| 3. | Традиционален крос натпревар за ученици од ОУ | 28.06.11г. | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | 26.000 ден. |
| 4. | Турнир во шах | 27.06.11г. | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | 50.000 ден. |
| 5. | Традиционален кајак на диви води | 27.06.11 | Кајакарски клуб Ластовица Скопје | 30.000 ден. |
| 6. | Традиционален турнир во мал фудбал во УЗ Даме Груев и други УЗ и МЗ | Мај-октомври 2011г. | УЗ*Даме Груев* Општина Ѓорче Петров и др.УЗ и МЗ | 50.000 ден |
| | **II.Поддршка на НВО** | | | |
| 1. | Поддршка на финансиската програма на Сојузот на училишен спорт *Ѓорче Петров* | во текот на годината | Општина Ѓорче Петров Спјуз на училишен спорт | 350.000,00 ден |
| 2. | Отворена забавна фудбалска Школа Ѓорче Петров | Јули-Август | Општина Ѓ.Петров Отворени забавни фудбалски шкопли Македонија Скопје | 130.000 ден. |
| 3. | Поддршка на врвни спортисти и млади талентирани спортисти | тековно | Општина Ѓ.Петров | 150.000 ден. |
| 4. | Набавка на спортска опрема и реквизити | тековно | Општина Ѓ.Петров | 80.000 ден. |
| 5. | Поддршка на спортски клубови | тековно | Општина Ѓ.Петров | 200.000 ден |
| 6. | Поддршка на меморијални турнир | тековно | Општина Ѓорче Петров | 100.000 ден. |
| **Вкупен износ на финансиски средства:** | | | | **1.243.000,ооден** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со ова Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес кои ќе се појават во текот на 2011

година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Ѓорче Петров, спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителсто;
- доделување на награди и признанија;
- обезбедување на техничка и друга помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- организирање на трибини, форуми и дебати за младите на теми од нивен интерес и
- организирање на кампањи за потенцирање на здравиот начин на живеење.

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма во делот на спортот ќе се одвива преку Комисијата за култура,спорт,млади, признанија и награди и Одделението за работи на градоначалникот и јавни дејности.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Составен дел на Програмата е Финансиската програма на Општинскиот сојуз на училишен спорт *Ѓорче Петров* Скопје и Календарот на активностите на училишните лиги, утврден од страна на Општинскиот сојуз на уучилишен спорт *Ѓорче Петров* Скопје.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/11**
**од 03.12.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршка на невладиниот сектор во 2010 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршка на невладиниот сектор во 2010 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/10**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та Седница одржана на ден 03.12.2010 година, донесе :

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Извештајот за Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во на културата и подршка на невладиниот сектор во 2010 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во на културата и подршка на невладиниот сектор во 2010 година.

2. Заклучокот за усвојување на Извештајот ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/12**
**од 03.12.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршка на невладиниот сектор во 2011 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршка на невладиниот сектор во 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/11**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 32-та седница оддржана на ден 03.12.2010 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладинот сектор во 2011 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2011 година, се:

1. Институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти од значање за Општината;
2. Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
3. Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво и
4. Одбележување на настани и личности од значање за општината;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на Програмата Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон одржување на континуитетот на традиционалните културни манифестации.

Во текот на 2011 година, во Општина Ѓорче се планира да се организираат следните културни активности:

| Ред. број | I.Организирање на културни манифестации | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прослава на Водици | 19.01.2011 | Општина Ѓ.Петров Одд. за работи на Градоначалникот и јавни де. | **20.000,00 ден.** |
| **2.** | Доделување на награди и признанија за најдобро украсен | 1.01.2011 | Општина Ѓ.Петров Комисија за награди и признанија | **15.000,00 ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | двор и куќа | | | |
| **3.** | Четврта ликовна колонија *Кучково 2010* | април | Општина Ѓорче Петров Наставници по ликовно од основните училишта | **50.000,оо ден** |
| **4.** | Прослава на денот на Крстот Кучково | 1.05.2011 | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково | **100.000,оо ден** |
| **5** | Прослава на празникот на Општината 28.јуни | јуни | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | **224.000,00 ден** |
| **6.** | Доделување на награди и признанија по повод Празникот на Општината | 28.06.2011 | Општина Ѓ.Петров Комисија за награди и признанија | **30.000,оо ден.** |
| **7.** | Одбележување на денот на паднатите бранители во 2001 г. | 9.08.2011 | Општина Ѓ.Петров Одд.за јавни дејности | **20.000,оо ден.** |
| | | | | |
| **8.** | Фолклорна вечер со познати естрадни уметници | реонски парк 25јуни 2011 во 20,30 часот | Општина Ѓорче Петров Одд. за јавни дејности | **30.000,оо ден.** |
| **9.** | Меѓунадоден детски фолклорен собир | Јуни | Општина Ѓ.Петров Одд.за јавни дејности | **50.000,оо ден** |
| **10.** | Концерт на хорот при МКЦ-Дела од мак. автори | 26.о6.2011 | св.Петар и Павле-Ѓорче Петров | . **12.000,оо** |
| **11.** | Одбележување на државни празници во 2010 год. | 2.август 8.септември 11.октомври и други | Општина Ѓ.Петров | **30.000,оо ден** |
| **12.** | Одбележување на ослободувањето на Ѓ.Петров и Град Скопје | 14.11.2011 13.11.2011 | Општина Ѓ.Петров | **20.000,оо ден** |
| | **II.Поддршка на установи и НВО од областа на културата** | | | |
| **1.** | Поддршка на програмата на КУД Григор Прличев | 1.01-31.12.2011 | Општина Ѓорче Петров | **100.000,оо ден** |
| **2.** | Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото | 1.01-31.12.2011 | Општина Ѓорче Петров | **150.000,оо ден**. |
| | **Вкупно:** | | | **849.000,ооден.** |

И ова година со Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2011 година е предвидено да се организира:

## КУЛТУРНО ЛЕТО - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2011 ГОДИНА

| ред бр. | активност | рок и место на одржување | носител | учесници | предвиден и средства во Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отварање на манифестацијата | 25.06.2011 реонски парк | Општина Ѓ.Петров | гала концерт на Калиопи | 90.000 ден |
| 2. | Целовечерен концерт на КУД Григор Прличев | 26.06.2011 Реомски парк | Општина Ѓ.Петров | КУД Григор Прличев и нивни годти | 13.000 ден. |
| 3. | Концерт на Сузана Спасовска | 03.07.2011 Реонски Парк | Општина Ѓ.Петров | Сузана Спасовска и нејзини гости | 14.000 ден |
| 4. | Концерт на млади фолк пеачи | 02.07.2011 Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Тамара Тодевска со нејзини гости | 20.000 ден |
| 5. | Гостување на Детскиот фестивал *Залатно славејче* | 10.07.2011 Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Златно славејче и Војче Китаноски | 7.000 ден. |
| 6. | Хумористична-забавна вечер | 09.07.2011 Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Д.Мешковски, К.Крстева К.Ангеловски, М.Крстевски,Н А.Наковска | 20.000 ден |
| 7. | Настап на Фолклорни градски КУД-ви | 16.07.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Кутурно-уметнички ансамбли | 30.000 ден |
| 8. | Настап на Танчерски латино школи од Скопје | 17.07.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Танчерски школи | 10.000 ден |
| 9. | Ревија на народни носии од скопско | 23.07.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | повеќе КУД-ви | 27.000 ден |
| 10. | Хумористична претстава | 24.07.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Глумци од Драмски театар | 15.000 ден |
| 11. | Фолклорна вечер | 30.07.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Е.Пупиноски, С.Гавазова, Нена и други | 32.000 ден |
| 12. | Изведба на детски песни | 6.08.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Деца од ОУ | 10.000 ден |
| 13. | Поп концерт со познати поп пејачи | 7.08.2011 Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Познати поп пејачи | 40,000 ден |
| 14. | Хумористично -забавна вечер | 8.08.2011 | Општина Ѓорче Петров | Гоце Т. Ванчо П. | 20.000 ден |
| 15. | Изведување на | 13.08.2011 | Општина | ученици од | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | обработки од народни песни | р.Парк | Ѓорче Петров | СМУЦ | 20.000 ден |
| 16. | Хумористична престава *Гол до кожа* | 14.08.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | театар КРИК | 32.000 ден |
| 17. | Театарска претстава комедија | 20.08.2011 О.У Мирче Ацев | Општина Ѓорче Петров | театар КРИК | 32.000 ден |
| 18 | Поетска вечер познати писатели | 21.08.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Македонски поети | 20.000 ден |
| 19. | Концерт на Б.Додева | 28.08.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Б.Додева и нејзини гости | 40.000 ден |
| 20. | Настап на квартет хармоникаши | 29.08.2011 Р.Парк | Општинја Ѓорче Петров | хармоникаши од музичка академија | 12.000 ден |
| 21. | Целовечерен концерт на на Академци | 03.09.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Група Академци | 25.000 ден |
| 22. | Целовечерен концерт на гр.*Биоритам* | 04.09.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Група Биоритам и нивни гости | 25.000 ден |
| 23. | Фолклорно-хумористична вечер | 1о.09.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Група пејачи и глумци | 28.000 ден |
| 24. | Завршна вечер | 11.09.2011 Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | КУД Г.Прличев,поз-нати естрадни звезди и хумористи | 30.000 ден |
| | **Вкупно:** | | | | **575.000 ден** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со ова Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес кои ќе се појават во текот на 2011 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Ѓорче Петров, културните манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителсто;
- доделување на награди и признанија;
- обезбедување на техничка и друга помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;

**V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма ќе се одвива преку Комисијата за култура,спорт,млади, признанија и награди и Одделението за работи на Градоначалниклот и дејности од јавен интерес.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3517/13**
**Од 03.12.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за исплата на парична награда за 2010 година**

Се објавува Одлуката за исплата на парична награда за 2010 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 03.12.2010 година.

**Број 08-3665/12**
**од 06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 32-та Седница одржана на ден 03.12.2010 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична награда за 2010 година**

1. Заради зголемен обем на работа и покажан посебен интерес и ангажирање во извршувањето на работите и работните задачите во текот на 2010 година, на вработените во Општина Ѓорче Петров им се определува парична награда во износ од 20.000,00 денари.

2. На членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров за добра соработка и успешна реализација на усвоените програми во 2010 година им се определува парична награда во износ од 20.000,00 денари.

3. Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров преку Одделението за финансирање и Буџет да ја реализира оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Број 07-3517/14**
**од 03.12.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**